# Најстариот член на ЗНМ го обнови своето членство

13:53 | јуни 16, 2017




Здружението на новинарите на Македонија го доби својот највозрасен член. Коста Крпач, кој бил долгогодишен новинар, уредник, поет и промотор на културата, со своите 90 години го обнови своето членство, а со тоа стана највозрасен член на Здружението на новинарите на Македонија.

Тој својата новинарска кариера ја почнал во 1953 година како одговорен уредник на месечното списание за литература и уметност „Млада литература“. Во меѓувреме соработувал со весниците „Студентски збор“, „Нова Македонија“ и „Вечер“, како и со италијанското списание „Панорама“.




Ви се јаде нешто вкусно?

Испорака на разновидни специјалитети од 50 ресторани во Скопје.. Нарачајте ТУКА!